Предлог

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден __.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 17/25) се врши изменување и тоа:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона РА0 “Заштита на животната средина и природата (капитални расходи)”, износот од “2.980.000,00“ се брише и се заменува со износ од 3.760.000,00 “.

Во колона РА0, во точка 3. “Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“ износот од “780.000,00“ се брише и се заменува со износот од “1.560.000,00“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

| | Проект | Финансиски средства |
|---|---|---|
| **Р10** | **Заштита на животната средина и природа** | **19.913.320,00** |
| 1 | Анализа на квалитет на водите | 150.000,00 |
| 2 | Проектна документација за животна средина:<br><br>2.1. Елаборати за заштита на животната средина;<br><br>2.2 Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал;<br><br>2.3 Стратегиска оцена за влијание врз животната средина за Измена на ГУП. | <br><br>60.000,00<br><br>500.000,00<br><br>350.000,00 |
| 3 | Субвенционирање на физички лица - дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за:<br><br>3.1 купен велосипед;<br><br>3.2 купен инвертер клима уред. | <br><br>150.000,00<br><br>750.000,00 |
| 4 | Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите | 50.000,00 |
| 5 | Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес | 3.253.320,00 |
| 6 | Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак- согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенцијата за млади и спорт на РСМ | 150.000,00 |
| 7 | Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 2.500.000,00 |
| 8 | Механизација за потребите на ЈКП Дервен | 12.000.000,00 |
| **РА0** | **Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)** | **3.760.000,00** |
| 1 | Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини – согласно Оперативната програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини | 2.000.000,00 |
| 2 | Набавка на садови за хортикултурно уредување | 200.000,00 |
| 3 | Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село | 1.560.000,00 |
| **ВКУПНО:** | | **23.673.320,00** |

**Образложение**

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година се врши измена во следните активности:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона PA0 “Заштита на животната средина и природата (капитални расходи)”, износот од “2.980.000,00“ се брише и се заменува со износ од 3.760.000,00 “.

Во колона PA0, во точка 3. “Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“ износот од “780.000,00“ се брише и се заменува со износот од “1.560.000,00 “. Измената се врши согласно потпишан Анекс на Договор број 2, со арх. бр. 08-1594/10 од 10.12.2025 година, за реализација на проектот - “Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“, помеѓу Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој и Општина Велес, во кој Бирото преостанатите средства за имплементација на проектот во вкупен износ од 780.000,00 ден ги дозначува на Општина Велес.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година ќе се зголеми за “780.000,00” денари и истата ќе изнесува “23.673.320,00” денари.